**3* Вклучување нови точки во дневниот ред**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас, имаат право писмено да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување нови точки во дневниот ред или предлог-одлуката се доставува писмено во Банката во оригинален примерок, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот физичко лице или, пак, назив, седиште, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот - правно лице и заверка со печат.

Акционерот, заедно со барањето, задолжително приложува документи за идентификација:

1. **За акционер - физичко лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- фотокопија од лична карта или пасош.

2. **За акционер - правно лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал, не постара од седум дена;
- фотокопија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Барањето на акционерот со документите за идентификација мора да биде примено во Стопанска банка а.д. Битола **во рок од осум дена од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување седница на Собранието, односно најдоцна до 14.10.2020 година до 16:00 часот**.

Адреса на која се доставува барањето:

Стопанска Банка а.д. Битола
„Добривоје Радосављевиќ“ 21
7000 Битола
Управен одбор на Банката
Со назнака „за 47. седница на Годишното собрание на Стопанска банка а.д Битола“